# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2943.**

По извршеното срамнување на изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" број 18/2001) е направена грешка поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ**

Во членот 978 став 1 наместо зборовите „од 24 часа" треба да стојат зборовите: „од дваесет и четвртиот час".

Бр. 10-3249/27
5 септември 2013 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието на
Република Македонија

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2944.**

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13 и 120/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.9.2013 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБА, ДИСТРИБУЦИЈА И РЕВИЗИЈА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА**

Член 1

Во Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/10, 129/10, 106/11 и 14/12), во членот 6 став (4) зборовите: „одделни видови на" се бришат.

Член 2

Во членот 7 став (2) по бројот „:10" се додава бројот „: 12".

Член 3

Во членот 8 став (2) се менува и гласи:

„Месечните ЕКМТ дозволи од контингентот на ЕКМТ дозволи ќе се распределуваат за покривање на потребите за превоз на сезонска стока во свежа и/или смрзната состојба, како и за новонабавени возила (не постари од една година од датата на првата регистрација) од категоријата ЕУРО 5 и 6 „безбедни" возила и повеќе, но не повеќе од 20% од базните ЕКМТ дозволи трансформирани во месечни дозволи."

Член 4

Во членот 16 став (2) бројот „20" се заменува со бројот „30".

Во ставот (4) бројот „15" се заменува со бројот „20".

Член 5

Во членот 19 став (1) зборот „Е4" се заменува со зборот „Е5".

Точката 3 се брише.

Во ставот (2) зборот „Е4", се брише.

Член 6

Во членот 21 став (2) по зборовите „и е искористена" се додаваат зборовите „и вратена во Министерството за транспорт и врски" и точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „освен поединечни транспортни дозволи за Турција (билатерална и за и од трети земји), за Бугарија (за и од трета земја), Австрија (универзална) и Италија (билатерални) кои се враќаат во Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена од датата на издавање."

Член 7

Во членот 25 зборовите: „издадени лиценци за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: „издадена лиценца за вршење на меѓународен јавен превоз на стока во патниот сообраќај".

Член 8

Во членот 31 став (4) зборовите: „и за Република Унгарија (У)" се бришат и се додава нова реченица која гласи: „Вредноста на ЕКМТ дозволите кои нема да важат и за Република Унгарија (У) претставуваат вредност на обичните ЕКМТ дозволи намалени за два бода."

Член 9

Во членот 33 став (4) по зборот "јуни"запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 10

Членот 34 се менува и гласи:

„(1) При втората контрола на превозникот му се одземаат сите распределени, а не подигнати поединечни треанспортни дозволи од вкупниот број утврдени во Планот за распределба.

(2) Превозникот може во период од 1 јануари до 31 мај во тековната година да ги подигне утврдените поединечни транспортни дозволи во Планот за распределба.

(3) Превозникот може заклучно со 31-ви мај во тековната година да добие нова дозвола за секоја вратена правилно искористена поединечна транспортна дозвола утврдена во Планот за распределба.

(4) За подигање на поединечните транспортни дозволи утврдени во Планот за распределба, Комисијата може при вршење на првата контрола да го смени рокот од став (3) на овој член за најмногу 30 дена во случај кога има промена на годишниот контингент на поединечни транспортни дозволи кои се разменуваат со одделни држави.

(5) При втората контрола, променливиот дел од годишниот контингент на поединечни транспортни дозволи се утврдува на начин утврден со член 37 од оваа уредба."

Член 11

Во членот 38 по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) На превозник кој подигнал критични поединечни транспортни дозволи, а истите не ги искористил во тековната година за која важеле, не може да му се издадат поединечни транспортни дозволи од ист вид за наредната година."